

КАРПОШ

неделен Е - БИЛТЕН



ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН
ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ
1 - 7 септември 2026 Билтен бр. 650

КАРПОШ ИМ ПОСАКА ТОПЛО ДОБРЕДОЈДЕ НА 670 ПРВАЧИЊА СО НОВИ РАНЧИЊА И УЧИЛИШЕН ПРИБОР

Оваа учебна година, 670 првачиња од општина Карпош го започнуваат своето големо образовно патување во десетте основни училишта низ Карпош. По тој повод, градоначалникот Сотир Лукровски, беше дел од приредбата за добредојде на првачињата во ООУ „Вера Циривири Трена". Во оваа пригода, Лукровски ги поздрави малите основци и им посака успешна учебна година.

– „Ми претставува особена чест што денеска меѓу нас е и потомокот на хероината Вера Циривири – Трена, кој пак има свој внук кој е ученик во ова основно училиште. За да им го разубавиме првиот училишен ден и да им дадеме дополнителна поддршка на почетокот на нивното образование, на секое прваче му следува бесплатно ранче со основен прибор за работа. Нека ранчето биде исполнето не само со книги и училишен прибор, туку и со љубопитност, знаење, пријателства, насмевки и убави спомени. Драги првачиња, ви посакуваме среќен почеток, многу петки, нови другарчиња и училишни денови исполнети со радост" – порача првиот човек на Општината.

Секое училиште со пригодна приредба ги пречека своите нови другарчиња, кои од оваа година ќе се запознаат со новите предизвици и ќе стекнат нови навики и обврски. Имено, во новата учебна година Општината обезбеди бесплатни ранчиња со основен прибор за работа на првачињата, како дел од Програмата за образование при Секторот за дејности од јавен интерес. Со оваа поддршка, Општина Карпош сака да им го олесни почетокот на првачињата и нивните семејства, но и да испрати јасна порака дека вложувањето во најмладите и во нивното образование е еден од најважните приоритети. Општина Карпош и оваа година се грижи за најмладите жители и нивниот безгрижен почеток на образовниот пат.



ОПШТИНА КАРПОШ ДОДЕЛУВА СТИПЕНДИИ ЗА ТАЛЕНТИРАНИ МЛАДИ УЧЕНИЦИ – СПОРТИСТИ ОД VIII И IX ОДДЕЛЕНИЕ

Еден кандидат од Општина Карпош може да оствари право само на една стипендија – спорт или образование. Исто така, доколку спортистот веќе добил еднократна парична помош од областа на спортот и спортската рекреација од Општина Карпош, неговото барање за стипендија за талентирани спортисти за учебната 2026/2027 година нема да биде разгледувано и одобрено. Барањето, односно предметот, треба да го поднесе родител или законски старател.

Со оваа стипендиска програма, младите спортисти од Карпош добиваат дополнителна можност за финансиска поддршка и поттик за продолжување на спортскиот развој и постигнување уште подобри резултати.

ЛИНК ДО ОГЛАСОТ –> https://tinyurl.com/44kpfsh5



КАРПОШ ЌЕ СТИПЕНДИРА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА

Во таа насока, напоменуваме дека ученик кој ги исполнува условите за добивање на стипендија за образование и на стипендија за спорт од Општина Карпош, може да користи само една од нив, по сопствен избор.

Линк до ОГЛАС : https://tinyurl.com/47za9wtz



НОВИ КЛУПИ И КОРПИ ЗА ОТПАДОЦИ НА КЕЈОТ НА ВАРДАР

На барање на Општина Карпош, Град Скопје деновиве постави клупи и корпи за отпадоци долж пешачката патека на кејот на реката Вардар, во делот на локалната самоуправа, на потегот од хотелот „Александар Палас“ до „Железниот мост“, во населбата Влае. Со оваа акција, се подигнува степенот на квалитетот и квантитетот на урбаната опрема и урбаната инфраструктура на територијата на локалната самоуправа, во една од најзначајните и најфрекфентните рекреативни зони во градот. Оваа иницијатива претставува пример за одличната меѓуинституционална соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје, кои до сега соработувале во повеќе ситуации. Во оваа пригода апелираме до сите граѓани, на совесно и одговорно однесување и чување на урбаната опрема и урбаните реквизити, како наше заедничко урбано и јавно добро.



ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ВО ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ УСТАНОВИ

Претставници на Одделението за детска, социјална и здравствена заштита од Општина Карпош, присуствуваа на средба посветена на актуелниот Јавен повик до македонските општини и општините во градот Скопје, за добивање грант за проширување на капацитетите на установите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст. На работниот состанок присуствуваше министерот за социјална политика , демографија и млади Ѓоко Велковски, претставници од министерството, ЗЕЛС, градоначалници и претставници од општините, а беше разговарано за реновирање/адаптација и опремување на неискористени училишни/ општински простории и нивно пренаменување во групи во други просторни услови.

На состанокот беше ставен акцент на две главни теми и тоа јавниот повик со фокус на руралните средини и втората тема се однесуваше на отворање на младински канцеларии во рамки на општините. Покрај различните теми за кои се дискутираше, стана збор и за недостатокот од соодветен персонал во градинките и давање на согласности за вработување заради соодветна кадровска екипираност на тимовите.



НОВ МУРАЛ ЌЕ ГО РАЗУБАВИ ПРОСТОРОТ ПРЕД ООУ „ЛАЗО ТРПОВСКИ“

Карпош добива уште еден уметнички мурал. Ѕидот пред влезот во ООУ „Лазо Трповски“ во наредните денови ќе биде претворен во шарена визуелна приказна, наменета за најмладите жители на општината. Муралот е дело на ликовниот уметник Максим Димитров, кој за реализацијата на проектот „Знаењето е наша сила“ доби финансиска поддршка од Општина Карпош во рамки на Програмата за култура и јавниот повик „Графити за секое маало“. Целта на проектот е да се збогати училишниот простор и да се создаде инспиративна средина за учениците, преку внесување на уметноста во нивното секојдневие. Дел од училишниот простор ќе биде претворен во отворена галерија, со уметничко дело кое ќе ги следи учениците во нивниот секојдневен престој во училиштето.

Ова е втор мурал кој се реализира на територијата на Општина Карпош. Претходно, со уметничко дело беа обоени бараките на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) во Скопје, чиј автор е ликовната уметничка Калина Брајковска.

Општина Карпош продолжува со поддршката на сите активности, што придонесуваат за унапредување на училишните простори и создавање на средина, во која учениците ќе можат да учат, творат и растат со уметноста како составен дел од нивното образование и секојдневие.



НОВИ КОМУНАЛНИ ВОЗИЛА ЌЕ ГО ПОДОБРУВААТ ОДРЖУВАЊЕТО НА ХИГИЕНАТА ВО СКОПЈЕ

Повеќе од 40 нови камиони за собирање отпад, метларки и цистерни денеска беа промовирани на паркингот кај спортскиот центар „Борис Трајковски“. Новата механизација ќе започне да се користи од четврток навечер, со цел да се подигне нивото на комунална хигиена во главниот град. На денешниот настан присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски.



КАРПОШ СТАНА СЦЕНА – 20.000 КАРПОШАНИ ДЕЛ ОД „КАРПОШОВО КУЛТУРНО ЛЕТО 2026“

Десет дена Карпош живееше со музиката, уметноста, филмот, детската смеа и средбите меѓу соседите. Плоштади, маала, училишни дворови, платоа и јавни простори станаа сцени, а нашите сограѓани – публика, учесници и дел од приказната. Под мотото „Карпош станува сцена“, општината и оваа година ја постави културата поблиску до граѓаните, овозможувајќи содржините да се одвиваат во маалата и јавните простори, наместо публиката да мора да ги бара исклучиво во традиционалните културни институции.
Со околу 20.000 посети, Општина Карпош го заокружи 17-тото издание на „Карпошово културно лето 2026“ – десетдневна манифестација која од 20 до 30 август ја донесе културата поблиску до домовите на карпошани. Од Горан Стефановски и ReART до Нокаут

„Карпошово културно лето 2026“ започна на 20 август во холот на Општина Карпош со изложба на плакати од театарските претстави на Горан Стефановски, со која беше одбележано значењето на неговото творештво за македонската култура.Истовремено, преку патувачката изложба ReART, реализирана во соработка со Фондацијата Берта Додевска, младите автори покажаа како електронскиот и друг отпад може да добие нова форма и вредност преку уметноста, отворајќи и тема за заштитата на животната средина и циркуларната уметност.

Вечерната програма се пресели на плоштадот „Делфина“, каде што настапија диџеј-програмата, Александар Тарабунов – Тара и групата Нокаут, со концерт пред бројна публика.Вториот фестивалски ден беше посветен на повеќе генерации и различни форми на културно творештво. Детскиот ликовен центар ја претстави меѓународната изложба „Ликовни визии на имагинацијата“, а беше промовирана и книгата „Зоја“ од Јоана Шишкова.На „Делфина“ настапи детскиот фестивал „Поточиња“, по што следуваше настапот на хорот на Здружението на пензионери Карпош, под диригентската палка на Благица Душкова. Вечерната програма продолжи со Tumbao Salsa Band со Сашо Гигов – Гиш и проектот „Gypsy Night“.



Филм под отворено небо и уметност во јавниот простор

Посебно место во програмата имаше филмската програма, која се одржуваше во дворот на ООУ „Петар Поп Арсов“.Во текот на фестивалот беа прикажани македонските филмови „Приказна за Силјан“, „Јон Вардар против Галаксија“, „Мирно лето“, „Медена земја“, „Te Dua жими мене“, „Исцелител“ и „Балкан Кан“.Со проекциите под отворено небо, македонската кинематографија доби можност да стигне до карпошани во непосредното маало, во поинаков амбиент од класичната киносала. Во Карпош 3, пак, урбаниот простор доби нов визуелен белег преку активноста „Мурал во Карпош“, додека во рамките на „Нашето маало – #СоздаваМеЗаедно“, најмладите жители на нашата општина имаа можност активно да учествуваат во создавањето и осмислувањето на просторот во кој живеат.Програмата во Карпош 3 продолжи со настапот на Жабата, со што истиот простор во текот на денот и вечерта понуди содржини за различни генерации и интереси.

Млечен – сцена за сите генерации

Од 24 август, централниот дел од програмата се пресели на платото на Млечен, каде што во следните денови беа реализирани повеќе културни и музички содржини.Фолклорот и традицијата беа претставени преку настапите на КУД „Мирче Ацев“, во рамките на меѓународниот фолклорен фестивал. Публиката имаше можност да ужива и во настапот на Дац и Александар, со специјалните гостинки Маријана и Росана, како и промоцијата на заедничката песна „Засекогаш млади“.

На Млечен пристигна и патувачката изложба ReART, додека музичката програма продолжи со Balkan Jam.

Во просториите на Општина Карпош настапи квартетот „Полихимниа“, со што програмата понуди и поинаков вид музичко искуство, а фолклорната програма повторно беше застапена со КУД „Мирче Ацев“. Еден од концертните акценти на манифестацијата беше настапот на Игор Џамбазов и Гуру Харе со бендот, кој предизвика голем интерес кај публиката на Млечен.

На 27 август, програмата продолжи со настапот на женскиот хор „ФРИДА“, предводен од Сузана Турунциева, со проектот „Песната е лек“. Во ликовниот дел од програмата беше претставена изложбата „Карпош помеѓу боите и генерациите“, со дела на млади автори од „Галика Премиум Арт“.

Последната програмска вечер на Млечен заврши со настапот на Day Off.

Во само неколку фестивалски денови, платото на Млечен беше домаќин на фолклор, евергрини, хорско пеење, ликовна уметност и современа музика, обединувајќи публика од различни генерации. Бардовци – спорт, фолклор и македонска песна

Последниот фестивалски викенд „Карпошово културно лето“ се пресели во Бардовци.

На 29 август, програмата започна со младински турнир на фудбалскиот терен на ФК Лепенец, кој покрај спортскиот натпревар понуди можност за дружење, тимска работа и поддршка од родителите и публиката.

Во продолжение на програмата настапи КУД „Етнос“, со што фолклорот и традицијата добија свое место во фестивалската програма.

Вечерната програма во Бардовци продолжи со македонска народна музика, со настапите на Душко Георгиевски, Зуица Лазова и Миле Кузмановски.

Завршница со уметност и музика

Последниот ден од „Карпошово културно лето 2026“, 30 август, започна во просториите на Општина Карпош, каде што под диригентската палка на Ерхан Шукри настапи мандолинскиот оркестар.

Во рамките на завршната програма повторно беа претставени делови од уметничката програма на фестивалот – ReART, плакатите од театарските претстави на Горан Стефановски, творештвото на Детскиот ликовен центар, дело од ликовната колонија „Нерешки мајстори“, како и дел од уметничките содржини создадени во текот на фестивалските денови.

Со тоа, фестивалот симболично го затвори кругот започнат десет дена претходно – со уметност и музика.

20.000 посети – интерес за културните содржини

Програмските содржини на „Карпошово културно лето 2026“ годинава беа посетени од 20.000 карпошани.



Ова е уште една потврда дека кај жителите на Карпош постои интерес за културни, уметнички и забавни содржини што се одржуваат во јавниот простор и во непосредна близина на домовите на граѓаните.

Разновидноста на програмата овозможи во фестивалот да се вклучат деца, млади, возрасни и повозрасни карпошани, а содржините беа распределени низ повеќе населби и локации во општината.

Од детските активности и филмските проекции, преку изложбите и фолклорот, до концертите и спортските активности, „Карпошово културно лето“ понуди програма наменета за различни интереси и генерации.

Манифестацијата во текот на десетте дена привлече посетители и надвор од границите на општината, а концертите, културните содржини и атмосферата беа тема на интерес и низ Скопје.

Благодарност до учесниците и граѓаните

Општина Карпош упатува благодарност до сите уметници, музичари, автори, изведувачи, хорови, културно-уметнички друштва, млади творци, деца и останати учесници кои беа дел од програмата. Благодарност и до соработниците, организациските, техничките и службите кои работеа на реализацијата на настаните, како и до водителките Викторија Петровска и Светлана Црнокрак.

Најголемата благодарност е до публиката – до сите карпошани кои ги посетија настаните, но и други посетители кои со своето присуство беа дел од 17-тото издание на „Карпошово културно лето“.

Со завршувањето на манифестацијата се изгасија рефлекторите, но останаа спомените, фотографиите, музиката и средбите создадени во текот на десетте фестивалски денови.

„Карпош станува сцена“ не беше само порака на овогодишното издание. Во текот на десетте дена, сцената навистина беше поставена низ различни маала и јавни простори, а најголемата сцена, како што покажаа и овогодишните настани, беше самиот Карпош – неговите маала, генерации и граѓани.

ОБРАЌАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ, СОТИР ЛУКРОВСКИ

Овој август летото навистина имаше адреса – Карпош.

Пред десет дена, тоа беше покана: да излеземе од дома, да се сретнеме, да слушнеме добра музика, да погледнеме филм под августовското небо, да им дадеме простор на уметноста, традицијата и детската фантазија.

Но, пред сè – да бидеме заедно.

Денес, со задоволство можам да кажам дека Карпош ја прифати таа покана.

20.000 посети на програмските содржини се бројка со која можеме да се гордееме. Но вредноста на ова културно лето не е само во бројките.

Таа е во детската насмевка пред сцената, во семејството што заедно помина една летна вечер, во младите што се собраа со пријателите, во песната што некому му разбуди спомен и во соседите што повторно се сретнаа во своето маало.

Зад секоја посета стои човек, момент и приказна.

И токму тоа е најголемиот успех на ова лето.

Сакавме Карпош да стане сцена.

И во овие десет дена сцената се пресели низ целата општина.

„Делфина“ собра илјадници луѓе кои пееја во еден глас, додека дворот на „Петар Поп Арсов“ се претвори во кино под отворено небо за македонскиот филм. Млечен ги спои фолклорот, евергринот, рокот, хорското пеење, ликовната уметност и современата музика, а во Бардовци спортот, традицијата и музиката ги собраа различните генерации на едно место. Посебно место имаа и нашите најмлади карпошани. Тие не беа само публика – создаваа, замислуваа и ни покажаа како изгледа Карпош низ нивните очи.

Од плакатите на Горан Стефановски, преку младите автори и ReART, до детските цртежи, фолклорот, филмот, концертите и мандолинската музика, овие десет дена покажаа колку различни лица може да има културата. И, уште поважно, колку е вредна кога има место за секого.

На истите места се сретнаа деца и повозрасни, музичари и публика, соседи и пријатели – луѓе кои можеби секојдневно минуваат едни покрај други, а ретко застануваат заедно. Во време кога сè почесто комуницираме преку екрани, „Карпошовото културно лето“ нè потсети на нешто едноставно, но важно – на вредноста на живата средба.

Аплаузот што навистина го слушаш, песната што ја пееш со човекот до тебе, филмот што го гледаш со соседите од маалото и орото во кое секогаш има место за уште еден.

Тоа не е само програма. Тоа е заедница.

Секако, ова лето немаше да биде можно без луѓето кои беа на сцената.

Им благодарам на сите уметници, музичари, автори, изведувачи, хорови, културно-уметнички друштва, млади творци, деца и учесници кои го подарија својот талент.

Им благодарам на сите соработници, на медиумите кое беа постојано со нас и будно ги следеа сите случувања.

Им благодарам на службите, организациските и техничките екипи и на сите луѓе кои работеа зад сцената, често невидливи за публиката, но присутни во секој детал од фестивалот.

Но моето најголемо благодарам оди кај вас, карпошани.

Кај сите што дојдовте.

Кај оние што дојдовте еднаш.

И кај оние што се враќавте повторно.

Кај оние што пееја.

Кај оние што играа.

Кај оние што аплаудираа.

Кај родителите што ги донесоа своите деца.

Кај младите што откриј а нешто ново. Кај повозрасните кои повторно слушнаа песна што им разбуди спомен.

Кај секој од вас што со своето присуство додаде уште малку живот во оваа приказна.

Сцената може да биде совршено поставена, светлата да се вклучат и музиката да започне.

Но без луѓето – нема магија.

„Овој август летото има адреса… Карпош.''

Денес таа реченица веќе не е само слоган.

Таа е спомен на вечери во кои се пееше, играше, создаваше и дружеше. На маала што станаа сцени и на луѓе што им дадоа живот.

Адресата беше Карпош.

Заврши 17-тото „Карпошово културно лето“. Рефлекторите се изгаснаа, концертите завршија и сцените се расчистија.

Но вредноста на една манифестација не завршува со последната песна.

Останаа средбите, детските спомени, фотографиите, музиката, новите пријателства и емоциите.

А над сè остана чувството дека кога сме заедно, Карпош е поубаво место за живеење.

Ви благодарам што бевте дел од ова лето и што ја прифативте поканата.

Летото ќе помине.

Но она што го доживеавме заедно – останува.

До следното издание на Карпошово културно лето, продолжуваме силно, со работа и посветеност!

Со љубов за Карпош!

Вашиот градоначалник
Сотир Лукровски



ЗАПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА УЛИЦА „СОФИСКА“

Општина Карпош презеде активности за реконструкција на постојната улична мрежа на улица „Софиска“ во населбата Тафталиџе 2. За таа цел ќе биде поставен нов асфалт на површина од 410 метри, а долж коловозот од двете страни ќе бидат поставени нови рабници. Оваа реконструкција опфаќа и замена на долниот строј, како и замена на бехатон коцките на тротоарот.

По тој повод, премиерот на Владата на Република Македонија, Христијан Мицкоски и градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, денеска направија увид во градежните работи кои се одвиваат на гореспоменатата улица.

„Оваа улица ќе добие подобри, побезбедни и поквалитетни услови за движење на сите жители. Особено ми е драго што овој проект го реализираме со финансиска поддршка од Владата на Република Македонија, преку Министерството за транспорт, за што сме им посебно благодарни“ – истакна градоначалникот Лукровски.

Изведувач на градежните работи е фирмата ОСД „Кирил ДООЕЛ“ – Штип, а вкупната вредност на изведбата чини 17.596.396 денари со пресметан 18% ДДВ. Целосната реализацијата на овој проект е овозможена со финансиски средства кои ги обезбеди Владата на РСМ, кои пак Министерството за Транспорт и ги додели на Општина Карпош, врз основа на учество на Јавен повик.



КАРПОШАНИ ДОБИВААТ НОВА ПОВЕЌЕНАМЕНСКА СПОРТСКА САЛА ВО РАМКИ НА ООУ „БРАТСТВО“

Со поставување на камен – темелникот, официјално започнаа градежните активности за изградба на нова повеќенаменска спортска сала во рамки на ООУ „Братство“ во населбата Тафталиџе 2. Оваа иницијатива произлезе согласно програмата на Општина Карпош за развој на спортот и инвестирање во спортска инфраструктура, за чија цел е склучен договор за изработка на проектна документација за изградба на овој мултифункционален објект.

По тој повод денеска, премиерот на Владата на Република Македонија, Христијан Мицкоски и градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, направија увид во градежните работи, кои се одвиваат на мултифункционалната спортска сала.

„Особено сакам да ја истакнам благодарноста до Владата на Република Македонија и до Министерството за образование и наука, за поддршката и обезбедените средства во вредност од над 63 милиони денари. Ваквите капитални инвестиции покажуваат колку е важна соработката меѓу централната и локалната власт кога работиме заедно во интерес на граѓаните“ – потенцираше првиот човек на локалната самоуправа, Сотир Лукровски.



Изведувач на градежните работи е фирмата „Сандра Инженеринг“ од Скопје. За таа намена, претходно беше демонтирана и отстранета старата спортска сала во ова основно училиште, од каде на нејзино место ќе никне современ повеќенаменски спортски објект. Станува збор за инвестиција во вредност од 63.411.966 денари со пресметан ДДВ. Целосната реализација на овој проект е овозможена со финансиски средства од Владата на РСМ, кои пак Министерството за образование и наука и ги додели на Општина Карпош, по претходно учество на Јавен повик.

Инаку, вкупната површина на спортскиот објект изнесува 1.427 м2, при што, теренот за игра зафаќа централно место во објектот. Спортскиот терен е со правоаголна форма со димензии 49,90 на 29,50 метри и максимална висина од 09,90 метри. Големината на теренот е соодветно димензионирана за потребите за одржување на тренинг и натпревари во кошарка, ракомет, мал фудбал, одбојка, тенис, серва, боречки спортови, гимнастика, пинг – понг и друго, а сето тоа е според прописите на соодветните спортски федерации. Во тој поглед, проектираната сала ќе ги задоволи потребите на локалната самоуправа и на карпошани за организирање на спортски школи, за тренинг на спортски клубови, одржување на натпревари во сите спортови за кои е потребна сала со публика. Салата ќе исполнува услови за создавање на нов тренерски, судиски и друг вид на спортски кадар, како и за одржување на други манифестации од спортско – културен карактер. Салата ќе располага со доволен број на влезови и излези за брза и безбедна евакуација, а покрај секој од влезовите ќе се наоѓаат санитарни просторрии, машки и женски тоалет. Во рамки на објектот ќе бидат поставени и трибини со вкупно предвидени 400 места за седење, кои ќе бидат димензионирани да овозможат непречено следење на натпреварите.

Покрај просториите за корисници, посетители и публика, предвидени се и технички простории наменети за термотехнички инсталации, магацин за складирање и одлагање на материјал и реквизити за секојдневно функционирање на објектот. За оваа намена делумно ќе се користи подтрибинскиот простор.

ЛОКАЛЕН ГРАЃАНСКИ ДИЈАЛОГ ЗА ПОИНКЛУЗИВЕН СПОРТ

Во организација на невладината ТАКТ, со поддршка на Секторот за развој од Општина Карпош, денеска се одржа настан, односно Локален граѓански дијалог, кој е дел од проектот „FAIR GAME“, кофинансиран од Европската Унија. Настанот се одржа во рамки на Младинскиот центар – Карпош, кој функционира во просториите на спортскиот објект „Наум Наумовски Борче – Партизан“. На средбата присуствуваа граѓани, спортски работници, претставници од невладини организации, вработени од општинската администрација и градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски. Во оваа пригода, првиот човек на Општината ги поздрави присутните, при што истакна дека локалната самоуправа и понатаму ќе продолжи да дава силна поддршка на ваквите инклузивни иницијативи, кои ги поттикнуваат младите и заедницата кон креирање на подобри вредности.

„Нашата цел е отворено да зборуваме, да ги идентификуваме бариерите и да создадеме подобри можности за поголемо и подеднакво учество на жените и девојките во спортот и физичката активност“ – посочи Лукровски. Во рамки на настанот беше презентиран проектот „FAIR GAME“, по што учесниците формираа неколку работни групи, преку кои развија интерактивна дискусија и понудија конкретни предлози и сугестии. Целта на дијалогот беше на едно место да се обединат граѓаните и спортската јавност со претставниците на локалните институции, граѓанските организации и образовните установи. Заеднички беа разгледани предизвиците и бариерите со кои се соочуваат жените и девојките во спортот, но и можностите за нивно поактивно и рамноправно учество во спортските и физичките активности.



ИЗВРШЕН ИНСПЕКЦИСКИ УВИД НА ЛОКАЦИЈА НА УЛИЦА „ТЕОДОСИЈ СИНАИТСКИ“

Општинскиот градежен инспектор при Општина Карпош изврши инспекциски увид на локација на улицата „Теодосиј Синаитски“ бр. 9б, каде што во моментот се врши отстранување на постоечки објект со градежна механизација.

При увидот е констатирано дека сопственикот на објектот поседува правосилно одобрение за градење, како и Елаборат за отстранување на постојниот објект. Во оваа ситуација, инспекторот констатираше дека азбесно-цементните салонит плочи од кровната конструкција се отстрануваат со употреба на механизација, наместо со постапка на демонтажа, соодветно пакување и транспорт до соодветна депонија, согласно законските прописи.

За утврдената состојба, инвеститорот е уредно повикан да присуствува на записничко констатирање на состојбата во понеделник во 12:00 часот, по што надлежниот инспектор ќе продолжи со постапување согласно законските надлежности и прописи.

Она што го најавивме како слоган, се претвори во вистинско доживување. Во изминатите денови уживавме во музички концерти, детски работилници, гледавме македонски филмови, започнавме да го цртаме муралот, се восхитувавме на уметноста, пеевме во хор, се забавувавме, бевме заедно и ширевме љубов низ Карпош – посочи Лукровски.

Првиот човек на општината напомена дека ова културно лето во Карпош, во фокусот беа македонските уметници, музичари и домашниот филм, како поддршка и промоција на домашното културното творештво,

ОПШТИНА КАРПОШ

ЗАПОЧНА 22. МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ ВО ЧЕСТ НА ОЛИВЕР СОКОЛОВ – СОКОЛ

Со ревијален натпревар помеѓу женските екипи на ЖФК „Вардар“ и ЖФК „Љуботен, во вторникот (01.09.2026) започна дваесет и вториот Меморијален турнир во мал фудбал „Оливер Соколов – Сокол“, еден од најпрепознатливите, најрепрезентативните и посетени спортски настани во Македонија.

На турнирот ќе учествуваат вкупно 40 екипи, кои ќе бидат поделени во осум групи со по пет тимови. Освен натпреварувачките екипи, практично, последните седмици од летото, сите генерации на карпошани ќе имаат можност да проследат квалитетен мал фудбал и да другаруваат помеѓу себе под отворено небо во населбата Карпош 1

Општина Карпош како покровител на истиот, и во иднина ќе издвојува логистички и финансиски средства за турнирот, с со цел традицијата на турнирот да продолжи. Имено, пред почетокот на турнирот Општина Карпош спроведе низа активности за санација и уредување на спортското игралиште „Сокол“.

Во таа насока беа санирани оштетените даски на трибините, реконструирана е заштитната мрежа, заменети се оштетените плексиглас материјали и рекламни панели, а поставена е и нова чешма за питка вода. Локалната самоуправа, континуирано вложува средства за развојот на младите спортисти и спортските таленти.



НОВИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ ЗА ИГРАЛИШТЕТО НА УЛИЦА СТРЕЗОВО

Општина Карпош добива нова донација за уредување и реконструкција на детското игралиште на улица Стрезово 9, во урбаната заедница „Кузман Јосифовски Питу“, лоцирано помеѓу СУУ „Лазар Танев“ и просториите на урбаната заедница.

Фирмата „Лапласт-М ДООЕЛ Скопје“, како општествено одговорна компанија, неодамна дониираше детска лулашка, клацкалка, и детска вртелешка, а реквизитите наскоро ќе му дадат сосема нов лик на детското катче во населбата Козле. Вкупната вредност на донацијата изнесува околу 428.000 денари со вклучен ДДВ од 18%.

Донацијата е прифатена од Советот на Општина Карпош, со што се создаваат услови за подобрување на просторот и обезбедување нови содржини за најмладите жители.

Општина Карпош продолжува да ја поддржува соработката со општествено одговорните компании и нивниот придонес кон уредувањето на јавните простори и создавањето похумана, поубава и поквалитетна средина за живеење.



ТРЕТ ДЕН НА ТЕРЕН ВО КАРПОШ 3

Веќе трет ден по ред, екипите на Општина Карпош работат на расчистување и редовно одржување со акциски пристап на локации низ Карпош 3, со засилено темпо и јасна цел – сите површини што побрзо да бидат расчистени и безбедни.

Денес активностите продолжуваат во Лептокарија и кај градинката „Мајски Цвет“ во Тафталиџе, каде што се отстрануваат гранки, суви дрвја, искорнати корени и насобрани лисја.

На терен се ангажирани екипи и механизација, а работата продолжува се додека не се расчистат локациите.

Без запирање, со засилено темпо – за чист и уреден Карпош!



ПОДОБРУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НИЗ КАРПОШ

Во соработка со изведувачот со кој Општина Карпош има склучено договор за итни интервенции, деновиве беа преземени низа активности на неколку локации низ локалната самоуправа.

Во таа насока, беше извршена реконструкција на постоечкиот оштетен сливник на улица Загребска. На улица Козле 10 пак, беше поставена нова решетка за собирање на отпадните атмосферски води.

Со оваа интервенција се подобрува протокот на сливни води, што треба да го спречи создавањето на вирови на оваа локација. На улица Волгоградска финишираа градежните работи за поставување на попивателни бунари за собирање на атмосферските води.

За таа намена беше направен ископ каде што се постави цевоводен приклучок, кој ги насочува атмосферските води до новопоставената шахта и сливникот.

